# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ИНТЕРНА РЕВИЗИЈА И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ HUB НА МКТ ЗА 2023 ГОДИНА

20 март 2024 година

LIFE IS FOR SHARING.

# ПРЕГЛЕД

Цел на извештајот

Во согласност со Законот за трговски друштва на Северна Македонија, Секторот за интерна ревизија е обврзан да подготвува годишен извештај за работењето.

**Во текот на 2023 година беа завршени 7 ревизии**

според категориите на Системот за интерна контрола:

- оперативни активности: 5 ревизии;
- усогласеност: 2 ревизии.

**Беа утврдени 32 мерки**

- 12 мерки се реализирани;
- Преостанатите 20 мерки ќе бидат реализирани најдоцна до 31.12.2024 година.

Со реализацијата на мерките ќе се подобри ефикасноста и ефективноста на интерните контроли и на деловните процеси на кои е извршена ревизија.

# ПРЕГЛЕД НА ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ ВО 2023 ГОДИНА 1/3

## КАТЕГОРИЈА ОД СИК[1]: ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ

### Програма за задржување на ЧР

**Предмет**

Да се направи проценка дали постои метод за планирање на ресурсите и дали тој е во согласност со стратегијата на Компанијата. Да се провери дали ЧР[2] користат инструменти за идентификување и задржување на клучните вработени во Компанијата. Да се провери дали постои програма за задржување на вработените и/или евентуални стратегии за задржување и дали процесот за плати и награди е во согласност со тие стратегии.

**Наод**

Постои практика за идентификување на клучните вработени во Компанијата, но формална процедура не постои поради променливите трендови на пазарот на трудот коишто се многу динамични и променливи. Не е конкретно дефинирано кои позиции се клучни, иако во последната година следните области се идентификувани како главна база за клучните позиции: Управување со производи, Развој на ИТ[3], Развој на софтвер[4] и Маркетинг.

ИР[5] забележа некои позитивни активности во изминатите две години, но има простор за подобрување и треба да се воведат дополнителни активности за зголемување на мотивацијата и задоволството на вработените во Компанијата.Кариерниот развој е дел од „job family" моделот, меѓутоа, спроведувањето во пракса придружено со дополнителни активности/алатки ќе го зголеми задоволството и задржувањето на вработените.

Постои голема разлика помеѓу одобрениот и реализираниот буџет за обука.

Анализите и извештаите поврзани со обртот на вработени повремено се испраќаат до менаџментот. Транспарентното и редовно известување до менаџментот е неопходно за ефективен и ефикасен процес на замена на вработените и/или распределба на задачите.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**

Интерните контроли ќе бидат зајакнати со имплементирањето на мерките

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**

2 мерки беа реализирани. Другите 3 мерки треба да бидат реализирани до 30.04.2024 година.

### Преглед на воведувањето на 5G мрежа

**Предмет**

Да се направи проценка на управувањето со и следењето на резултатите од процесот (контроли, KPIs[6], известувања). Да се утврди адекватноста и ефективноста на структурата на МКТ[7] за следење и оперативна контрола и дали наведените цели на проектот се постигнуваат во согласност со прописите на компанијата и законските регулативи.

**Наод**

Управувањето со резултатите е задоволително. Клучните чекори (нарачки, имплементација и известување) во најголем дел беа добро контролирани. Се смета дека се потребни мали измени за да се обезбеди очекуваниот квалитет на реализација за сите локации.

Во практиката за управување со проектот треба да се додадат одредени дополнителни контроли за постапување по забелешките (какви било неисправности/недостатоци поврзани со имплементацијата) со цел да се постигне ефективно следење на нивното навремено решавање.

Препорачуваме во идните договори да се преговара за вклучување на дополнителни временски одредници за плаќање со цел да се одржи финансиската мотивација на добавувачот до постигнувањето на безусловно прифаќање и периодично да се тестира комплетноста на проектната документација

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**

Интерните контроли ќе бидат зајакнати со имплементирањето на мерките

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**

Сите 4 мерки беа реализирани

[1] Систем за интерна контрола
[2] Човечки ресурси
[3] Информатичка технологија
[4] Софтвер
[5] Интерна ревизија
[6] Клучни показатели за извршувањето на работата
[7] Македонски Телеком

# ПРЕГЛЕД НА ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ ВО 2023 ГОДИНА 2/3
## КАТЕГОРИЈА ОД СИК[1]: ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ

### Претпродажба и продажба на ИКТ проекти и услуги

#### Предмет
Да се направи проценка на транспарентноста на процесот на учество на јавни тендери, преговори за понуди и комуникација/склучување договори со партнерите.

#### Наод
Ревизијата утврди дека процесот на претпродажба и продажба на ИКТ[2] проекти и услуги не е добро документиран и не е доволно транспарентен.
Поради организациско преструктуирање, ИКТ процесот не е централизиран, при што неколку сектори се вклучени во активностите за претпродажба и продажба. Затоа, неопходен е централизиран систем за чување на документацијата.
Процесот на донесување одлуки во фазата на подготовка главно се врши усно и без писмени докази за одобрувањата од менаџерите.
Проверката во однос на пазарните можности за достапни добавувачи треба да се прави во разумна временска рамка.
Повеќето од договорите со добавувачите се склучени со DNL[3] (сите избрани примероци).
Треба да се воведе редовно известување до менаџментот.

#### Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола
Оперативната ефективност на контролите е соодветна.

#### Предложени мерки и проценка на нивната реализација
1 мерка беше реализирана. Другите 6 мерки треба да бидат реализирани до 01.03.2024 година.

### Ревизија на основите на безбедноста – Управување со кориснички пристап во МКТ

#### Предмет
Да се направи проценка на ефективноста и усогласеноста на процесите и контролите на организацијата поврзани со доделување, изменување и одземање на привилегиите за пристап на корисниците до критичните системи и податоци. Ревизијата има за цел да ги идентификува слабостите, да ги оцени процедурите за овластување и да даде препораки за подобрувања за цели на одржување на робусна и безбедна средина за пристап на корисниците.

#### Наод
Врз основа на ревизорската работа, спроведена според планот за работа на Групацијата за Ревизија на основите на безбедноста, го заклучивме следново:
- Постои политика за UAM[4] во МКТ, но активноста за UAM не е целосно усогласена со оваа политика во поглед на пристапот во случај на ново вработување, ресертификација и навремено отстранување на акаунтите на лицата коишто ја напуштиле компанијата.
- Постои контролна средина, но активностите за контрола не се вршат соодветно.
- Не постои јасен попис на IT/NT системи поврзани со IAM[5], а дополнително некои задачи во IAM сè уште се вршат рачно.

Утврдивме неправилности кај сите системи на кои беше извршена ревизија, при што ризикот може да биде често прекршување на политиката за UAM.

#### Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола
Оперативната ефективност на контролите е соодветна.

#### Предложени мерки и проценка на нивната реализација
4 мерки беа реализирани. Другите 2 мерки треба да бидат реализирани до 30.11.2024 година.

[1] Систем за интерна контрола
[2] Информатичка и комуникациска технологија
[3] Писмо за директни преговори
[4] Управување со кориснички пристап
[5] Управување со идентитет и пристап

# ПРЕГЛЕД НА ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ ВО 2023 ГОДИНА 3/3
## КАТЕГОРИЈА ОД СИК[1]: ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ

### Процес на активности за управување со договори и пост-продажба во B2B

**Предмет**

Да се направи проценка на ефективноста и ефикасноста на внатрешните контроли и процеси. Да се осигури дека постои соодветна поделба на должностите, следењето и известувањето.

**Наод**

Процесот за продажба и обезбедување мобилни услуги е генерално добро дефиниран во новата процедура којашто сè уште е во процес на усогласување и не е формално одобрена. Одобрувањето на процедурата треба да се формализира и доколку е неопходно, да се ажурира врз основа на препораките од ревизијата.
KPIs[3] не се мерат.
Ревизијата утврди дека се врши соодветна поделба на должностите онаму каде што е потребно, но некои од чекорите на процесот не се вршат соодветно, односно не се врши претходна проверка на кредитоспособноста и не се обезбедува барање за претплата од корисниците.
Новиот Magenta Axis систем е во процес на развој и се очекува да биде воведен до јули 2024 година, што треба да донесе подобрување и автоматизација на некои од чекорите на процесот.
Потребно е подобрување во процесот на дистрибуција на мобилни телефони во однос на вратената документација.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**

Интерните контроли ќе бидат зајакнати со имплементирањето на мерките.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**

7 мерки беа утврдени и треба да се реализираат до 31.12.2024 година.

[1] Систем за интерна контрола
[2] Бизнис до бизнис
[3] Клучни показатели за извршувањето на работата

# ПРЕГЛЕД НА ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ ВО 2023 ГОДИНА 1/1

## КАТЕГОРИЈА ОД СИК[1]: УСОГЛАСЕНОСТ

### Контроли на ниво на трансакција на ICS

**Предмет**
Да се потврди соодветноста на дизајнот и оперативната ефективност на Контролите на ниво на трансакција на Системот за интерни контроли.

**Наод**
18 контроли беа тестирани. 12 се оценети како „ефективни“, 2 се оценети како „неефективни“, 1 е оценета како „ефективна со референца за повторно тестирање“, а другите 3 контроли се оценети како “нема случени настани”.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**
Оперативната ефективност на контролите е соодветна.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**
1 мерка беше реализирана. Другата 1 мерка треба да биде реализирана до 31.08.2024 година.
Интерна ревизија препорача 1 предлог за подобрување на контролите.

### Принципи на ICS

**Предмет**
Да се потврди соодветноста на дизајнот и оперативната ефективност на барањата на ICS[1].

**Наод**
39 барања беа тестирани. 38 беа оценети како „ефективни“, а 1 беше оценета како „неефективна“.
Во текот на фазата на повторно тестирање, 2 TLCs[2] на ICS беа тестирани и оценети како „ефективни“, а 1 е сè уште „неефективна“.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**
Оперативната ефективност на контролите е соодветна.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**
1 мерка беше утврдена и треба да се реализира до 31.08.2024 година.
Интерна ревизија препорача 3 предлози за подобрување на контролите.

[1] Систем за интерна контрола
[2] Контроли на ниво на трансакција на Системот за интерни контроли